Врз основа на член 184 точка б) од Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Северна Македонија бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016 и 83/2018) и член 23 став (4) од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија бр.7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018), а во врска со член 10 став (2) алинеа 6 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци (Службен весник на Република Северна Македонија број 38/2009 и 158/2010) , Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на 10.06.2019 година донесе

# ПРАВИЛА

## за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиуми кои се користат за обработка на лични податоци

### Член 1

Со овие Правила се пропишува начинот на уништување на документи, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите кои се користат при обработката на личните податоци од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Комисија).

### Член 2

Документите од член 1 на овие Правила се уништуваат со уред за ситнење (шредер) при што истите повторно не може да бидат употребливи, за што комисија составува записник кој го доставува до Претседателот на Комисијата.

Во записникот се наведуваат задолжително сите податоци за целосна идентификација на документите што се уништуваат, како и категориите на лични податоци содржани во истите.

Одредбите од овој член се применуваат и при уништување на копиите или умножените документи.

### Член 3

По пренесување на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за нивно чување, медиумот се уништува, се брише или се чисти од личните податоци кои биле снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите делови, при што истиот повторно не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на личните податоци кои биле зачувани на медиумот.

За случаите од став 1 и став 2 од овој член комисија составува записник кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Член 4**

Со денот на донесување на овие правила престануваат да важат Правилата за начинот на уништување на докумнети, како и начинот на уништување, бришење и чистење на медиуми со лични податоци бр.03-1563/1 од 17.06.2011 година.

Овие Правила влегуваат во сила со денот на нивното донесување и истите ќе се објават на огласната табла на Комисијата.

**Број 03-648/1**
**Скопје 10.06.2019 година**

**Комисија за хартии од вредност на**
**Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti с.р.**